Република Северна Македонија
**НОТАР**
**АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА**
Битола ул.Стерјо Ѓорѓиев бр.6
12.12.2019 година во 12,00 часот
Дванаесетти декември две илјади и деветнаесетта година

Книга за потписи бр. 2
**ОДУ бр. 711/19**

**Н О Т А Р С К И  А К Т**
**ЗАПИСНИК ЗА XLV СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА**
**- извод -**

Јас Нотар Александра Петровска Ангеловска со службено седиште во Битола, на ул. Стерјо Ѓорѓиев бр. 6, именувана за подрачјето на Основен суд Битола,потврдувам дека денес на дванаесетти декември две илјади и деветнаесетта година ,во дванаесет часот , ,поради постапка за водење на записник на XLV-та седница Собрание на акционери на СТОПАНСКА БАНКА АД Битола со седиште во Битола на ул.Добривоје Радосавлевиќ бр. 21 со ЕМБС 5026377,излегов надвор од нотарската канцеларија ,во просториите на СТОПАНСКА БАНКА АД Битола ул.Добривоје Радосавлевиќ бр. 21,Битола ,врз основа на член 383,став 3 од Законот за трговски друштва.-----------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

45 седница на презакажаното Собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола го отвори Г-дин Томислав Давков, кој кажа дека согласно Деловникот за работа на Собранието ,Надзорниот одбор на Банката на својата 4-та седница одржана на ден 01.10.2019 година одлучи да се свика 45-та седница на Собранието на Банката ,го утврди дневниот ред и донесе Одлука истото да се одржи на ден 27.11.2019 година .Со оглед на тоа што на ден 27.11.2019 година не беше обезбеден кворум за работа ,истото беше презакажано за ден четврток 12.12.2019 година .Повикот за свикување на ова презакажано Собрание ,со Предлог дневниот ред се објави на интернет страницата на Банката www.stbbt.mk ,во дневниот весник Слободен печат на 28.11.2019 година и на интернет страницата на Македонската берза.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 393,став 5,од Законот за трговски друштва,на презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашањата за кои што ,според овој закон се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот.Материјалите по точката од дневниот ред при првото свикување на Собранието на сите акционери им беа достапни во просториите на Стопанска банка а.д. Битола ,како и интернет страницата на Банката www.stbbt.mk, и на интернет страницата на Македонската берза.---------------------------------------
Г-дин Томислав Давков ги поздрави присутните акционери и претставници на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола и гости на Собранието на Банката .------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 393,став 5,од Законот за трговски друштва мандатот на претседавачот на собранието трае до изборот на претседавачот на наредно собрание. На последната седница на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола за претседавач беше избран Томислав Давков ,заради што го продолжи водењето на седницата до изборот на нов претседавач.---------
Понатаму Г-дин Томислав Давков ги извести присутните дека од извршениот увид во акционерската книга добиена 48 часа пред одржувањето на собранието (10.12.2019 година )и верификуваниот список на присутни акционери, односно нивни полномошници, се констатира дека е обезбеден кворум за работа односно од вкупно 1.080 акционери со право на глас (обични акции) односно од вкупно 390.514 акции со право на глас,присутни се 47 акционери,односно нивни полномошници ,кои поседуваат вкупно 197.384 акции со право на глас (од обичните акции),што претставува 50.54 % од вкупниот број на акции со право на глас (од обичните акции) .Од ова произлегува дека е обезбеден законскиот и статутарниот кворум за работа на ова акционерско собрание.---------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-дин Томислав Давков кажа дека согласно Деловодникот за работа на собранието треба да се премине кон избор на Претседавач на Собарнието на акционери.----------------------------------------

Г-дин Томислав Давков ги повика присутните акционери да дадат предлог за Претседавач со денешната седница на собранието и напомена дека претседавач на Собарнието на може да биде избран член на орган на Управување на Банката или член на надзорен одбор.-----------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Г-дин Трајан Масалковски ,кој предложи за Претседавач со ова собрание на акционери да биде избран Адвокат Гордана Гацева .-----------------------------------------------

Други предлози од присутните не беа дадени.---------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и присутните акционери со 197.384 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната ------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------**ОДЛУКА**--------------------------------------------------------

--------------------------------------**за избор на претседавач**------------------------------------------------

**1.** За претседавач на XLV седница на собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола што се одржува на ден 12.12.2019 година ,се избира Адвокат Гордана Гацева .----------------------

**2.** Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола .------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.------------------------------------------------

/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Г-дин Томислав Давков се заблагодари за досегашната доверба и посака понатамошна успешна работа .------------------------------------------------------------------------------------------------

Адвокат Гордана Гацева се заблагодари за довербата и изборот за претседавач и продолжи да ја води седницата ,со предлог да се продолжи со работа за ПРОЦЕДУРАЛНИОТ ДЕЛ и да се премине кон точка 2.2. од процедуралниот дел од дневниот ред и да се изберат бројачи на гласови.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од своја страна предложи за бројачи на гласови да се изберат Миле Ивановки и Стефан Личовски .---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејќи други предлози не беа дадени ,председавачот својот предлог го стави на гласање и присутните акционери со 197.384 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната ------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------**О Д Л У К А**--------------------------------------------------------

--------------------------------------**за избор на бројачи на гласови**------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. За бројачи на гласови при гласањето на XLV-та седница на собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола ,при што се одржува на ден 12.12.2019 година ,се избираат :--------------------------------------------------------------------------------------------------------

- Миле Ивановски и----------------------------------------------------------------------------------------------
- Стефан Личовски------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.------------------------------------------------

/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот ги извести присутните дека записникот за оваа седница на собранието го води Нотар Александра Петровска Ангеловска .-----------------------------------------------------------------

/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот констатира дека процедуралниот дел е исцрпен и предложи да се премине кон работниот дел.------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот го прочита дневниот ред за ова акционерско собрание------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**---------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1.**Отворање на Собранието

**2.** Избор на работни тела

**2.1** Избор на претседавач

**2.2** Избор на двајца бројачи на гласови

**3.** Констатирање кворум за работа на Собранието.

II. **РАБОТЕН ДЕЛ**

**1. Предлог-одлука за именување на член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола со прилог**

-Мислење од Надзорниот одбор кон одлуката за именување член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот го стави на гласање овој дневен ред и акционерите со 197.384 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН , го прифатија и утврдија ваквиот дневен ред.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПРВА ТОЧКА.**Председавачот предложи да се премине кон разгледување на материјалите по однос на единствената точка од дневниот ред Предлог-одлука за именување на член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола.------------------------------------------------------

Материјалите по однос на точката од дневниот ред им беа достапни на сите акционери на интернет страницата на Банката ,на интернер страната на македонска берза како и во просториите на Банката .Исто така дадени се и во писмена форма во материјалите пред почетокот на седницата.------------------------------------------------------------------------------------------

Секој присутен акцинер,согласно член 391-б,има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред .-------------------------------------------------------------------------------------

Друштвото чии акции котираат на берза и друштвото кое согласно Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно одговорите на поставените прашања на седницата на собранието на друштвото да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор. ---------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот Адвокат Гордана Гацева наведе дека се преминува кон разгледување на материјалот по однос на 1.1 од дневниот ред:--------------------------------------------------------------

"Предлог-одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со прилог -----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-Мислење на надзорниот одбор кон Одлуката за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола ".-------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 390 од Законот за трговски друштва до Стопанска банка а.д. Битола ,во законски предвидениот рок (8 дена) од денот на објавување на јавниот повик ,преку Архивата на Банката пристигнаја предлози од акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5 % од акциите со право на глас за номинирање на кандидати за член на Надзорен одбор на Банката .--
Предлозите се веднаш објавени на интернет страната на македонската Берза како и на Интернет страната на Банката . -----------------------------------------------------------------------------------

Имено ,на ден 16.10.2019 година акционерот Друштво за превоз,промет и услуги РУЛЕ-ТУРС ДОО експорт-импорт Скопје кој поседува 4.08 % од вкупниот број на акции во сопственичката структура на Банката и акционерот Сергеј Самсоненко кој поседува 4.98 % од вкупниот број на акции во сопственичката структура на Банката доставија предлог за номинирање на М-р Гордана Темелковска Костовска за член на Надзорниот одбор на Банката.-------------------------

На ден 16.10.2019 година акционерот Друштво за градежништво,трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје кој поседува 3.85 % од вкупниот број на акции во сопственичката структура на Банката, акционерот Друштво за внатрешен и надворешен промет ЧЕЗАКОМЕРЦ Симеон,Роберто и Виктор ДОО Скопје кој поседува 2.66 % од вкупниот број на акции во сопственичката структура на Банката и акционерот Симеон Павлов кој поседува 1.79 % од вкупниот број на акции во сопственичката структура доставија предлог за номинирање на М-р Стефан Степановски за член на Надзорниот одбор на Банката.----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Податоците за предложените кандидати за член на Надзорниот одбор на Банката се објавени на интернет страната на Македонската Берза како и на Интернет страната на Банката 7 дена пред Собранието да пристапи кон избор и истите се достапни до секој акционер согласно член 344 став 4 од ЗТД.-------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот заедно со бројачите на гласови констатираа дека еден акцинер излегол од Собранието па поради тоа се констатира дека се присутини па 46 акционери односно нивни полномошници ,кои поседуваат вкупно 197.184 акции со право на глас (од обичните акции), што претставува 50.49 % од вкупниот број на акции со право на глас (од обичните акции).---------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот Адвокат Гордана Гацева предложи да се пристапи кон гласање за првиот предложен кандидат **ГОРДАНА КОСТОВСКА ТЕМЕЛКОВСКА**,дипломиран економист,магистер по економски науки и меѓународна трговија за нејзино именување за член на Надзорен Одбор,па акционерите гласаа и тоа 155.174 гласови ЗА што претставуваат 78.62

% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и 42.010 гласови ВОЗДРЖАН што претставуваат 21.28 % од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание.---------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот Адвокат Гордана Гацева предложи да се пристапи кон гласање за првиот предложен кандидат СТЕФАН СТЕПАНОСКИ,дипломиран правник,магистер по право од областа на интелектуалната сопственост за негово именување за член на Надзорен Одбор,акционерите гласаа и тоа 39.947 гласови ЗА што претставуваат 20.24 % од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и 157.237 гласови ВОЗДРЖАН што претставуваат 79.66 % од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание.---------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Одкако се изврши уште еднаш пребројување на гласовите се констатира дека акционерите со 155.174 гласови ЗА што претставуваат 78.62 % од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и 42.010 гласови ВОЗДРЖАН што претставуваат 21.28 % од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ја донесоја следната ---------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------------**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

За член на надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именува :

**1. ГОРДАНА КОСТОВСКА ТЕМЕЛКОВСКА-член.**

**Член 2**

На именуваниот член на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето -износ од 50.000,оо денари како надомест за учество и работа на седниците ,како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членот на Надзорниот одбор кој живее надвор од седиштето на Банката ,односно надвор од Битола ќе му се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување по претходно приложени фактури или друга документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуватниот член на Надзорен одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување на Кабинет на Управен одбор .

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се применува по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија
/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
Откако се исцрпи дневниот ред ,Председавачот им се заблагодари на присутните акционери и XLV-та седница на собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола ја прогласи за затворена во 13,00 часот.---------------------------------------------------------------------------

Преседавач на Собранието на акционерии

с.р.

---------------------------------------------------------

Гордана Гацева
/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
Јас Нотар **АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА П О Т В Р Д У В А М** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието.-------------------------
Председавачот со акционерското собрание Г-ѓа Грдана Гацева го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието.---------------------------------
Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 5 листа и на 5 страни.-----------------------------
Изворникот со придружната документација останува кај нотарот,а Стопанска банка а.д. Битола добива 3 изводи.---------------------------------------------------------------------------
Нотарската заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси во врска со член 158 став 3 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена.------------------------------------------------------

Нотарската награда е пресметана во изнсо до 13.000,00 денари и трошоци 450,00 денари согласно чл.41 и 52 од Нотарска тарифа.----------------------------------------------------------------------------

**ОДУ бр. 711/19**----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Битола 12.12.2019 - дванаесетти декември две илјади и деветнаесетта година--------------------

Гордана Гацева с.р.

---------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА БИТОЛА

Јас НОТАР, АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА
за подрачјето на Основен суд Битола
(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод – потполн – во извадок, кон кого не се приложени – се приложени / преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 711/19

Во Битола 12.12.2019 година НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА
АНГЕЛОВСКА
БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА
АНГЕЛОВСКА
БИТОЛА